РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAOEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2728/2
15-11-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 10- та седница, одржана на 08.11.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 09-2728/1 од 22.10.2024 година, против лицето ---------, претседател на совет на Општина ---------------, вработена како библиотекар во -------------- по Јавен оглас бр. ------------ од 10.10.2022 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека веќе е постапувано по пријава со исти наводи, против истото лице и по утврдување на фактичка состојба на продолжението на 6 – та седница одржана на 12.06.2024 година донесена е Одлука со бр. 09-453/3 од 17.06.2024 година, по што ДКСК нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај и истата е објавена на веб страната на ДКСК.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 22.10.2024 година, поднесена е пријава против претседател на совет на Општина ---------, вработен како библиотекар во ------------- по Јавен оглас бр. --------- од 10.10.2022 година.

Во пријавата е наведено дека новоизбраниот библиотекар е лице кое е член на Советот на општина -------- од редовите на ------, а од неодамна и претседател на Советот на општина ---------. Истото лице било активист на --------- и личен пријател на градоначалникот на општина --------.

Имајќи ја во предвид таквата состојба, ДКСК утврди дека веќе е постапувано по пријава со исти наводи, за што на продолжението на 6 – та седница одржана на 12.06.2024 година донесена е Одлука со бр. 09-453/3 од 17.06.2024 година.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По вака утврдена фактичка состојба, Државната комисија на седницата одржана на ден 08.11.2024 година заклучи дека нема елементи за преземање мерки за натамошно надлежно постапување по конкретниот предметот.
Од вака утврдената состојба ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р С.М – советник
Контролирал: К.З-раководител
Одобрил: Б.Џ. -член на ДКСК